Скопје, 18.06.2019

# ИНФОРМАЦИЈА за Преоден рок 2019/20

1. Согласно член 23.1.3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за пријавување екипа во **сениорските категории е најдоцна до 1-ви Септември 2019** година;

2. Согласно член 23.1 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, преодниот рок за кошаркари/ки **во сениорските лиги** за натпреварувачката сезона 2019/20, **започнува на 15 Јуни и завршува 24 часа пред почеток на вториот дел од сезоната во соодветното сениорско натпреварување;**

3. Согласно член 23.2. и член 23.3. од Регистрацискиот правилник на КФСМ, рок за пријавување **екипа, во сите младински категории е најдоцна до 1-ви Септември 2019 година;**

4. Согласно член 23.2 и член 23.3 од Регистрацискиот правилник на КФСМ, краен рок за пријава на **играчи со комплетна документација во младинските лиги е 15 Септември 2019 година;**

5. Дополна или промена во листата на играчи, со приложена комплетна докуменатација, во сите младински категории може да се изврши најдоцна до 48 часа пред почеток на првиот натпревар во соодветното натпреварување, но само за најмногу 3(три) играчи;

**ДОГОВОРИТЕ КОИ СЕ ПОДНЕСУВААТ ВО КФСМ МОРА ДА БИДАТ ЗАВЕРЕНИ НА НОТАР;**

1. Кошаркарите/ките родени **2001 и постари, потпишуваат прв сениорски договор**;

2. Кошаркарите/ките родени **од 2002 до 2005 потпишуваат договор за спортско усовршување;**

3. Кошаркарите/ките родени **2006 и помлади, потпишуваат договор за тренинг и настап**;

4. Кошаркарите/ките родени **2000 и помлади можат да добијат двојна лиценца**, согласно член 36 од Регистрацискиот правилник на КСМФ. Еден клуб може да има во листа **најмногу 6 играчи на двојна лиценца**;

Сите клубови најдоцна **до 01 септември 2019 година, мора да ги подмират своите долгувања** спрема КФСМ, за да можат да пријават учество на екипа и регистрација на играчи во натпреварувачката сезона 2019/20;

Регистрациска Комисија на КФСМ

_______________________________

**<u>ПОЈАСНУВАЊЕ:</u>**

Барањето за раскин на договор се поднесува 24 часа пред завршување на преодниот рок во младинските лиги, односно 31 Август 2019 година;

Сите барања понесени после овој рок ќе се разгледуваат за следниот преоден рок на играчи, односно Јануари 2020 година.

Максимален број на регистрирани играчи:
Прва лига мажи – 16 домашни играчи сениори со пријавување и настап најмногу 4 (четири) странски играчи во составот на еден натпревар, со настап не помалку од 3(три) домашни играчи во игра во текот на целиот натпревар до почеток на плеј оф натпреварите. Во Полуфиналните и финалните натпревари со настап не помалку од 2(два) домашни играчи во игра во текот на целиот натпревар.

Прва лига жени – 16 домашни играчи сениори со пријава и настап најмногу 2 странски играчи на еден натпревар;

Втора лига мажи/жени – 18 домашни играчи сениори. Странски играчи немаат право на настап;

Младински лиги мажи/жени – 18 играчи, определени по возрасна категорија. Странски младински играч има право на настап, регистриран со одобрение на ФИБА и се води како специјален случај;

Еден младински играч може да биде пријавен во сениорска и најмногу во 2 младински екипи на еден клуб, во соодветни возрасни категории.


*St. Makedonija 11-A, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk*
**МКФ канцеларија/ MKF office**